Влада на Република Северна Македонија

- СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ -

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

- **Проектант: ИНТ ГЛОБАЛ ИНЖЕНЕРИНГ АВ**
- **Договор за изработка на основен проект со вредност од 5.016.947,00 денари со ДДВ, склучен на ден 07.04.2021 година со важност од 1 (една) година од денот на влегување во сила, до 07.04.2022 година, односно до исполнување на вредноста од Договорот.**

- **Ревидент: Градежен институт МАКЕДОНИЈА**
- **Договор за изработка на ревизија на основен проект со вредност од 1.003.389,00 денари со ДДВ, склучен на ден 16.12.2021 година со важност од 1 (една) година од денот на влегување во сила, до 16.12.2022 година, односно до исполнување на вредноста од Договорт.**

- **Вовед во работа:**
- **20.11.2023 година**

- **Рок на изведба на работите :**
- **18 месеци од вовед во работа, односно до 20.05.2025 година**
- **Анекс на договор за продолжување на рокот на изведба со Изведувачот Бауер до 20.12.2025 година**
- **Анекс на договор за продолжување на рокот за изведба со Изведувачот Бауер до 20.06.2026 година**

- **Важност на Договорот за изведба е 3 (три) години, односно до 06.04.2026 година и е продолжен со Анекс на договор до 20.09.2026 година.**

**Прашање1 : Дали ќе се бара одговорност од Проектантот и Ревидентот, ако тие се сметаат одговорни за доцнењето и пробивањето на роковите за изведба?**

- **Согласно членот од Договорите за изработка на основен проект и за ревизија на основен проект, каде што се дефинирани правата и обврските на договорните страни, давателите на услуги одговараат за недостатоците во проектот и за недостатоците во ревизијата на проектот и истите доколку постојат потребно е да ги отстрани, односно преработи и усогласи со проектната програма и законските прописи кои ја регулираат оваа материја, без дополнителен надомест.**
- **Давателот на услугите одговара за недостатоците во количините и позициите од предмерот, утврдени согласно Проектот.**
- **Доколку во текот на изведувањето на работите дојде до значително отстапување на количините или позициите утврдени во предмерот кои произлегуваат од недостатоци во проектот, трошоците за преработка на проектот и за ревизијата на преработениот проект ќе паднат на товар на давателот на услугите.**
- **Продолжувањето на рокот за изведба на Договорт, беше предизвикан од многу прични кои што претходно ги напоменавме, меѓу кои се и одредени пропусти во проекнта документација.**

- **Ние како ново Раководство од месец Јули 2024 година, затекнавме објект кој е веќе започнат со изградба и достигнат е одреден степен на реализација, при што во одредена фаза се појави дилема во однос на понатамошното продолжување на изведбата. Сепак, имајќи го предвид степенот на изведеност, како и веќе вложените материјални средства, прекинот на изведбата би довел до деградација и пропаѓање на вградените материјали и реализираните градежни активности, со што би се предизвикала значителна финансиска штета.** Одржани се бројни состаноци со сите учесници, за кои има Записници од одржаните состаноци, подготвени од страна на Надзорот и истите се дел од нашата интерна документација.

- **Имајќи ги предвид наведените технички, економски и правни аспекти, како и важечките договорни одредби , донесена е одлука да се продолжи со изведбата на објектот, со цел заштита на вложените средства, минимизирање на ризиците и обезбедување континуитет во реализацијата на проектот.**
- **Дополнително, имајќи предвид дека објектот е наменет за сместување на повеќе институции, постои зголемена одговорност за реализација, проследена со оправдани очекувања и оперативни притисоци од засегнатите страни во однос на динамиката на изведбата.**

**Прашање 2: Зошто не се склучувани Анекси за кусоците, како што има за вишоците, што го доведува во прашање зголемувањето на вредноста на Договорот за повеќе од 20%?**

- **Во однос на прашањето за надминување на 20%, важно е да се нагласи дека законскиот праг се однесува на нето-зголемувањето на Договорот. Иако се склучени Анекси за вишоци, непредвидени и дополнителни работи, во исто време постојат и кусоци кои го намалуваат вкупниот финансиски ефект. Со изготвување на пресек на состобата (рекапитулациија на вишоци и кусоци), јасно се утврдува дека реалното зголемување на договорната вредност е во рамки дозволени со закон, односно не го надминува лимитот.**
- **Во консултација со меродавни институции, Службата доби насока дека конечниот финансиски ефект од реализираните количини ќе се утврди со Завршната ситуација и пресметката на договорот.**